


Почитувани сограѓани

Пристигна и овој дел од годината кога семејствата се собираат заедно за да ги прославаат празниците. Пред нас се предизвици коишто мора да ги надминеме и да научиме нови лекции во новата година. Главна цел ни е во иднина да ги подобриме услугите во нашата општина и да ја направиме поблиска до сите граѓани. Нашите врати се отворени за сите коишто имаат предлози за да направиме Општина Делчево да функционира подобро.

Во годината којашто пристигнува ќе работиме напорно за да ги оствариме сите нови програми и планирани активности со коишто ќе го подобриме секојдневниот живот на нашите граѓани и да им понудиме подобри услови на секое поле. Ќе се потрудиме да ги искористиме сите ресурси за општината да се развива економски, да ги зголемиме можностите за вработување и намалување на сиромаштијата, со што би се спречила миграцијата на младите квалификувани кадри.

Сакам да Ви предочам дека во Делчево постои доволно потенцијал за надминување на сите препреки и за решавање на проблемите.

Посакувам моите сограѓани да не губат надеж во подобрата иднина и секогаш да бидат стимул, но и коректор за да го направиме Делчево модерно и европско гратче.

Новата 2018 да ни биде исполнета со меѓусебна почит, разбирање и толеранција за да напредуваме како општина.

Како Ваш Градоначалник и сограѓанин, Ви посакувам на секој еден од Вас здравје, среќа, успех, спокој, семејна хармонија, благосостојба и живот по Ваша мера.

Нека Ви е среќна Новата 2018 година.